Почитувани,

Во врска со Вашиот е-маил доставен до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 14.02.2018 година, евидентиран во Уписникот за претставки и предлози на Агенцијата, УПП бр.03-2 од 14.02.2018 година, со кој ја изнесувате Вашата намера дека *"сакате да отворите Интернет Радио Станица..."* и воедно прашувате дали би подлежиле под некоја лиценца на Агенцијата или пак некој документ од Агенцијата, Ве известуваме за следното:

Во член 63 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) е утврдено дека **емитување на радиопрограмски сервис може да се врши преку радиофреквенции, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит.**

Со оглед на наведеното, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не содржи одредби со кои се уредува емитување на радио преку интернет.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**